# КОДЕКС НА ЕТИКА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# 2022



ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTËTEROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОДЕКС НА ЕТИКА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Октомври 2022**

Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија (во понатамошниот текст: Кодекс на етика) се заснова врз Кодексот на етика на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (МОВРИ/ISSAI 130) како составен дел на Рамката на професионални објави, принципи, стандарди и насоки на INTOSAI).

Целта на овој Кодекс е да се дефинираат етичките вредности, принципи и правила врз кои се заснова професионалното однесување на раководството и вработените на Државниот завод за ревизија (ДЗР), на тој начин помагајќи да се изгради и одржи довербата на засегнатите страни во активностите на институцијата.

Усогласеноста со Кодексот на етика на ДЗР придонесува кон унапредување и зајакнување на довербата на јавноста во институцијата осигурувајќи дека одлуките за активностите на институцијата се во согласност со општоприфатените морални и етички вредности.

Овој Кодекс на етика се однесува на Главниот државен ревизор и неговиот заменик, во понатамошниот текст „раководство“, како и на сите поединци директно вработени од ДЗР или во договорни односи ,да вршат ревизорска работа во име на ДЗР.

Кодексот на етика ги дефинира етичките стандарди – вредности и принципи кои се применливи и кои мора да бидат водилки на патот за раководството и вработените на ДЗР во нивната секојдневна работа и однесување.

## Поглавје I. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ

### Општи одредби

1. Раководството и вработените на ДЗР треба да се придржуваат до највисоките стандарди на етичко однесување и преку своите постапки да го одржуваат високото ниво на стандарди.

2. Етичките вредности се концепти за она што е важно и според тоа треба да ги водат врховните ревизорски институции и нивниот персонал во нивните одлуки.

3. Етичките принципи даваат насоки за тоа како да се спроведат овие вредности во пракса и што претставува етичкото однесување.

4.Во Кодекс на етика се содржани следните пет основни етички вредности и принципи, како што се наведени во Кодексот на етика INTOSAI - ISSAI 130:

а)Интегритет – да се делува чесно, доверливо, во добра верба и во интерес на јавноста;

б) Независност и објективност – да се биде ослободен од околности или влијанија кои компромитираат или може да се сметаат како компромитирачки, професионално расудување и да се делува на непристрасен и објективен начин;

в) Компетентност – да се стекнуваат и одржуваат знаења и вештини соодветни на улогата и да се постапува во согласност со важечките стандарди и со должно внимание;

г) Професионално однесување – да се почитуваат важечките закони, регулативи и конвенции и да се избегнува секакво однесување што може да го наруши угледот на ВРИ;

д) Доверливост и транспарентност – соодветно да се заштитат информациите, балансирајќи го ова со потребата за транспарентност и отчетност.

5. Покрај основните вредности и принципи наведени во точка 3, раководството и вработените на ДЗР треба да ги почитуваат и следните етички вредности и принципи: достоинство, дискретност и колегијалност, правда и непристрасност, политичка неутралност, лојалност и емпатија кон целите на ДЗР, соработка и конструктивност, почит и исправност.

**Член 1. Раководство**

1. Воспоставувањето на етичка култура во организацијата започнува со нејзиното раководство. Раководството е одговорно за воспоставување, управување,поддршка и унапредување на етичките вредности на ДЗР и нејзиниот персонал. Тие се должни да ги унапредуваат етичките вредности во ДЗР и со своето етичко однесување и постапки да бидат пример за вработените во ДЗР и да воспостават добра етичка клима на највисоко ниво.

2. Раководството ќе биде пример за другите постапувајќи професионално, чесно, доверливо, во добра верба и во интерес на јавноста. Преку својата работа и однесување тие треба да ја градат довербата на вработените и на јавноста, треба да постапуваат во согласност со политиките и стандардите на ДЗР.

3. Раководството ја демонстрира добрата етичка клима на највисоко ниво со:

(а) Поставување на етиката како експлицитен приоритет;

(б) Зајакнување на овој приоритет со јасни, доследни и редовни пораки;

(в)Спроведување на стратегии, политики и процедури за промовирање на етиката;

(г) Водење со пример;

(д)Одржување на висок стандард на професионализам, отчетност и транспарентност во донесувањето на одлуките;

(ѓ) Поттикнување на отворена средина на заемно учење каде што може да се поставуваат тешки и чувствителни прашања и да се разговара за нив;

(е) Обезбедување на средина во која што вработените доживуваат праведност во односот кон нив, што придонесува за добри односи меѓу колегите;

(ж) Препознавање на доброто етичко однесување, а притоа справување со недоличното однесување;

(з) Осигурување дека етиката, политиките и процедурите се применуваат доследно и правично.

4. Раководството создава пријателска средина за вработените со цел да се идентификуваат и предупредат за прекршување на етичките вредности и принципи и да се одговори на таквите прекршувања навремено и на соодветен начин.

**Член 2. Ризици и контроли**

1. Ризиците претставуваат „закана“ за етичките вредности. Тие покажуваат „ранливост“ и слабости кои може да доведат до непочитување на етичките вредности и принципи.

2. Тие се јавуваат поради влијанието на голем број фактори на ризик, како што се:

- политичко влијание;
- надворешен притисок од субјекти кои се предмет на ревизија и други субјекти;
- личен интерес;
- судир на интереси;
-несоодветна пристрасност која произлегува од претходни расудувања на ДЗР или вработени во ДЗР;
- застапување на интересите на ревидираните лица или други страни кои влијаат на објективноста;
- долги или блиски односи.

3. Раководството на ДЗР воспоставува заштитни мерки, односно контроли, со цел да го намали ризикот од неетичко однесување на најниско можно ниво. Заштитните мерки се утврдуваат со процедурални правила кои се дел од Кодексот на етика.

**Член 3. Интегритет**

1. Интегритетот е еден од основните етички вредности, според која, раководството и вработените во ДЗР се должни да се придржуваат до високите стандарди на однесување во нивното работење и во личните односи и да постапуваат чесно, искрено и доверливо, во добра верба и во интерес на јавноста.

2. Раководството и вработените во ДЗР ги извршуваат своите должности со интегритет, доверливо, во добра верба и единствено во интерес на јавноста.

3. Во извршувањето на задачите што им се доверени, раководството и вработените во ДЗР демонстрираат највисоко ниво на професионално однесување и личен интегритет; тие треба да се однесуваат учтиво и со почит, соодветно и објективно кон своите колеги од ДЗР и кон субјектите на ревизија, имено кон нивните вработени; Тие треба да изразуваат позитивен став и самоиницијативност во извршувањето на своите должности; При извршувањето на задачите што им се доделени, тие не смеат да даваат или да прифаќаат никакви привилегии и привилегиран пристап (третман) врз основа на некаков посебен однос, задачите треба да се извршуваат навремено, ефикасно и ефективно; тие не смеат да се однесуваат на начин што ќе предизвика сомнеж и недоверба во другите.

4. Интегритетот подразбира дека раководството и вработените, при извршувањето на задачите што им се доделени, ги почитуваат вредностите на ДЗР, односно, професионализмот, одговорноста и доверливоста, независноста, непристрасноста, совесноста, етиката и тимската работа, како и дека ги применуваат стандардите на INTOSAI.Раководството и вработените не смеат да извршуваат работи во кои тие се или би можеле да бидат во судир на интереси според националното законодавство или што би можело да го загрози нивниот углед и/или угледот на ДЗР или би можело да биде од лична корист.

5. Раководството и вработените во ДЗР ги извршуваат своите професионални должности совесно и чесно. Чесноста бара од раководството и вработените доследно

да ги применуваат етичките вредности и принципи и принципите на независност и објективност во извршувањето на нивната работа.

6. Раководството и вработените во ДЗР се обврзани, во текот на нивната работа, како и во односите со вработените на субјектот на ревизија да ги исполнуваат стандардите за правично и непристрасно однесување.

7. Раководството и вработените во ДЗР се воздржуваат од прифаќање на какви било подароци или слични бенефиции.

8. За да се зачува довербата во јавноста, однесувањето на раководството и вработените на ДЗР мора да биде вон секакво сомневање и без приговор.

9. На индивидуално ниво, раководството и вработените на ДЗР се внимателни за околностите на нивната работа во ДЗР и опкружувањето на јавниот сектор, што може да ги направи ранливи во однос на интегритетот и да избегнуваат да ги откриваат, кога е неопходно. Овие околности може да се однесуваат на:

(а) лични, финансиски или други интереси или односи спротивни на интересите на ДЗР;

(б) прифаќање подароци и благодарници;

(в) злоупотреба на моќта за лична добивка;

(г) вклучување во политички активности, учество во групи за вршење притисок, лобирање, итн.;

(д) пристап до чувствителни и/или доверливи информации;

(ѓ) пристап и користење на вредни ресурси на ДЗР.

10. На раководството и вработените во ДЗР им се забранува:

- примање или барање поволност или ветување за корист за извршување на обврските;

- остварување или стекнување право во случај на повреда на начелото на еднаквост пред законот;

- злоупотреба на посебните права на службените лица кои произлегуваат од нивните должности или се неопходни за извршување на нивните должности;

- да бараат, прифаќаат или примаат вредност или услуга заради гласање за кое било прашање или да влијаат на одлуката на некој орган или лице заради лична корист или добивка на поврзана страна;

- ветување за вработување или кое било друго право во замена за подарок или ветување за давање подарок;

- влијание врз стекнување работни места или договори за јавни набавки;

- употреба на доверливи информации за активностите на државните органи заради лична корист или за добивка на поврзано лице;

- на друг начин да ја искористат позицијата на службено лице со вршење влијание врз одлуката на законодавецот, извршната или судскатавласт за остварување лична корист или корист на поврзана страна, каква било привилегија или право, склучување направна трансакција или на друг начин се фаворизираат себеси или која било друга поврзана страна.

**Член 4. Независност и објективност**

1. Независноста и објективноста се етички вредности според кои раководството и вработените во ДЗР мора да бидат ослободени од влијанија кои можат да ги компромитираат или да се сфатат како такви, тие се должни професионално да расудуваат и да постапуваат на непристрасен начин (без фаворизирање).

2. Раководството и вработените во ДЗР се свесни за ситуации и околности кои можат да станат закана за нивната независност и објективност.

3. Раководството и вработените на ДЗР никогаш нема да ја користат својата позиција за приватни цели и избегнуваат односи кои вклучуваат ризик од корупција или кои можат да предизвикаат сомневање за нивната независност и објективност.

4. Раководството и вработените во ДЗР постапуваат на непристрасен начин и со отворен ум и нема да подлегнуваат на околности и влијанија кои можат да го компромитираат или да се сметаат за компромитирачки за нивното професионално расудување.

5. За да можат раководството и вработените во ДЗР одговорно и правично да го извршуваат она што јавноста го очекува од нив, неопходно е да се постигне таков степен на независност што ќе им овозможи да постапуваат непристрасно и да овозможи објективна проценка на фактите.

6. Раководството и вработените во ДЗР се однесуваат на начин што секогаш ќе ја штити и јакне нивната независност.

7. Во сите прашања што се однесуваат на ревизорската работа, независноста на раководството и вработените во ДЗР нема да биде загрозена од лични или надворешни интереси. На пример, независноста може да биде компромитирана од надворешни притисоци или влијанија врз нив, нивните предрасуди за поединци, ревидирани лица, проекти и програми, лични или финансиски односи кои создаваат судир на лојалност и интереси.

8. Раководството и вработените во ДЗР:

- одржуваат независност од политичко влијание и се политички непристрасни;

- избегнуваат вклученост во јавни политички активности и јавно изразување на политички гледишта, што може да создаде јавна перцепција за нивната независност и објективност.

9. Раководството и вработените во ДЗР постапуваат објективно во случаите и работите со кои се занимаваат. Објективноста и непристрасноста на раководството и вработените на ДЗР мора да се демонстрираат во текот на нивната работа.

10. Контроли или заштитни мерки за обезбедување на независност и објективност на раководството и вработените во ДЗР се:

- избегнување на околности кои можат да влијаат на нивната независност и објективност

- избегнување на околности во кои личниот интерес може да влијае на деловните одлуки, позиција или третман што може да влијае на нивната независност.

- одбивање на покана за работа или учество во раководењето или донесувањето на одлуки на субјектот на ревизија;

- обезбедување податоци за регистарот за подароци, судир на интереси и блиски односи.

**Член 5. Компетентност**

1. Компетентноста е етичка вредност според која вработениот е должен да ги стекнува и одржува потребните знаења и вештини за извршување на одредена задача и да постапува во согласност со важечките стандарди.

2. Раководството и вработените во ДЗР поседуваат знаења и вештини, личност и однесување соодветни на извршувањето на должностите на кои се назначени. Тие се должни својата работа да ја извршуваат во согласност со прописите и професионалните ревизорски стандарди, процедури и методологија на ДЗР и да ги одржуваат и развиваат своите знаења и вештини на највисоко ниво во согласност со случувањата во професијата и професионалната средина и така да ги извршуваат своите работи на најдобар начин.

3. Раководството и вработените во ДЗР ги извршуваат своите професионални активности со должно внимание, способност и сигурност и стекнуваат нови неопходни знаења и вештини за да можат секогаш да даваат стручни проценки за предметот на нивните активности.

4. Со цел да бидат во тек со техничкиот, професионалниот и деловниот развој и да ги исполнуваат барањата на средината што секогаш се менува и растечките очекувања на засегнатите страни, раководството и вработените во ДЗР континуирано ја одржуваат и развиваат својата професионална компетентност.

5. Континуираното учење за поддршка на раководството и вработените во ДЗР во спроведувањето и развивањето на нивната компетентност се врши по пат на:

(а) почетни и континуирани стратегии и програми за учење во клучни области за претставување на ДЗР;

(б) развивање и ажурирање на прирачници и пишани прирачници;

(в) механизми за учење, надзор и давање повратна информации;

(г) индивидуални планови за развој;

(д) алатки за размена на знаење како што се интранет и бази на податоци.

**Член 6. Професионално однесување**

1. Професионалното однесување е етичка вредност која бара од раководството и вработените во ДЗР да ги усогласат своите активности и процедури со соодветните закони, други одредби и практики и да избегнуваат однесување кое што може да го загрози нивниот углед и угледот на ДЗР. Професионалното однесување вклучува компетенции и професионални способности, како и независност во донесувањето одлуки.

2. Раководството и вработените во ДЗР се свесни за политиките и процедурите поврзани со професионалното однесување, важечките професионални стандарди и законите, прописите и нормите на општеството на кое тие му припаѓаат, од кои секоја ги обврзува во и надвор од работната средина.

3. Раководството и вработените во ДЗР постапуваат во согласност со законските и други прописи со кои се уредува работењето на Заводот.

4. Вработените во ДЗР може да ги извршуваат само оние професионални задачи за кои ги поседуваат потребните знаења и вештини и ги почитуваат етичките вредности со цел да се обезбеди професионален пристап кон работата.

5. Раководството и вработените во ДЗР се свесни за важноста на нивните должности и одговорности, со своето однесување тие ја покажуваат јавната природа на нивните должности и се однесуваат на начин кој ја одржува и промовира довербата на јавноста во ДЗР.

6. Раководството и вработените во ДЗР се свесни за влијанието на нивните постапки врз довербата во ДЗР и размислуваат како нивното однесување, во и надвор од работната средина би можело да биде сфатено од страна на колегите, семејството и пријателите, субјектите на ревизија, медиумите итн.

7. Раководството и вработенитево ДЗРизбегнуваат секакви дејствија кои претставуваат повреда на угледот на ДЗР или на нивниот личен углед.

8. Раководството и вработените во ДЗР ја известуваат јавноста на одговорен и транспарентен начин за активноста на ДЗР и за извршените ревизии.

**Член 7. Доверливост и транспарентност**

1. Доверливоста и транспарентноста се етички вредности според кои раководството и вработените во ДЗР се должни да ја чуваат доверливоста на информациите на начин што ги балансира барањата за транспарентност и отчетност. Раководството и вработените во ДЗР мора да ја почитуваат доверливоста на информациите добиени во текот на процесот на ревизија.

2. Раководството ги воспоставува правилата и процедурите на ДЗР кои го регулираат прашањето за доверливост и транспарентност на вработените и Заводот во целина во согласност со професионалните стандарди и прописи кои го уредуваат правото на пристап до информации и обврската за транспарентно работење.

3. Раководството и вработените во ДЗР ја почитуваат доверливоста на работата наметната од ДЗР. Тие не откриваат доверливи информации опфатени со обврската за професионална тајна.

4. Раководството и вработените во ДЗР се одговорни за правилното постапување со сите класифицирани, доверливи и чувствителни документи и информации со кои што тие работат во извршувањето на нивните должности.

5. Раководството и вработените во ДЗР не користат доверливи информации за своја лична корист или добивка од трети лица и се внимателни при комуницирањето поради можноста од ненамерно откривање на доверливи информации на трети лица.

6. Раководството и вработените во ДЗР ја почитуваат професионалната доверливост за време и по престанокот на јавната функција.

7. Раководството е свесно дека јавната функција бара зголемена транспарентност и отчетност пред јавноста. Тие треба да ја почитуваат рамнотежата помеѓу барањата за градење транспарентност и барањата за доверливост.

**Член 8. Достоинство**

1. Раководството и вработените во ДЗР го штитат угледот на институцијата и нема да даваат изјави на кој биloканал за комуникацијашто го поткопува нејзиниот углед во јавноста.

2. Раководството и вработените во ДЗР се однесуваат со љубезност и почит. Тие создаваат и одржуваат работна средина во која не е дозволено однесување кое што го поткопува достоинството на вработените.

**Член 9. Дискреција и колегијалност**

Во и надвор од институцијата, раководството и вработените во ДЗР се однесуваат и говорат со потребната дискреција што произлегува од функциите што им се доверени. Тие го почитуваат колегијалниот дух во организацијата на ДЗР во сите околности.

**Член 10. Правда и непристрасност**

1. Во своето дејствување, раководството и вработените на ДЗР се водат од принципите на правда и непристрасност, придонесувајќи кон градењето на доверба во ДЗР од страна на законодавната и извршната власт, субјектите кои се предмет на ревизија и целото општество.

2. Раководството и вработените во ДЗР се непристрасни и објективни во извршувањето на своите должности и нема да формираат претходно мислење.

**Член 11. Политичка неутралност**

1. Раководството и вработените во ДЗР се одговорни за идентификување ситуации во кои нивните лични политички ставови може да ја поткопаат нивната независност или објективност и каде што нивните политички гледишта и активности може да го изложат на ризик угледот на ДЗР и кредибилитетот на неговата активност.

2. Вклучувањето во политички активности може да влијае негативно на способноста на раководството или вработените на ДЗР непристрасно да ги извршуваат своите професионални должности.

**Член 12. Лојалност и емпатија за главните цели на ДЗР**

1. Лојалноста подразбира придржување кон главните цели и задачи на ДЗР како што е дефинирано во законот и соодветните стратешки документи.

2. Лојалноста бара однесувањето на раководството и вработените во ДЗР да биде насочено кон унапредување и подобрување на авторитетот и добриот имиџ на ДЗР, како во поглед на јавноста, така и во поглед наодносите со другите институции.

**Член 13. Соработка и конструктивност**

1. Добрата работна средина е важна за постигнување на целите на ДЗР. Ова подразбира однос на колегијалност, меѓусебно почитување, избегнување на конфликтни ситуации, неприфаќање на каква било форма на дискриминација или вознемирување.

2. Во случај на значителен конфликт кој негативно влијае на работната средина и/или го попречува извршувањето на должностите, помош за негово решавање бара директниот раководител,а доколку е невозможно, претпоставениот раководител.

**Член 14. Почит и чесност**

Раководството и вработените во ДЗР покажуваат почит и исправност во односите со колегите со тоа што не дозволуваат однесување кое ги прекршува правата на поединечните членови на персоналот.

## Поглавје II. ПРОЦЕДУРАЛНИ ПРАВИЛА

**Член 15. Општи правила**

1. Однесувањето на раководството и вработените во ДЗР е доследно на вредностите што ги споделува институцијата.

2. Од раководството и вработените на ДЗР се очекува совесно да ги извршуваат своите должности кон државата и општеството и строго да го почитуваат законот. Тие треба да се однесуваат кон своите колеги на начин што не му нанесува штета на нивното достоинство, не предизвикува конфликти или не ги крши нивните права.

3. Изгледот на раководството и вработените во ДЗР е во склад со средината во која работат. Неопходно е нивната облека да одговара на општо прифатените норми на претставителност и да е во склад со имиџот на институцијата.

4. Раководството и вработените во ДЗР избегнуваат судир меѓу нивните должности и нивните лични интереси. Барањето или прифаќањето на подароци, услуги, пари и други материјални и нематеријални вредности поврзани со извршувањето на службените должности е недозволиво. Секое службено лице на институцијата веднаш ќе одбие такви обиди.

5. Раководството и вработените на ДЗР се одговорни за однесување кое ја дискредитира институцијата пред јавноста, а кое е резултат на употреба на алкохол или наркотични дроги.

6. Од раководството и вработените на ДЗР се очекува да управуваат со своите финансиски обврски и лични долгови на начин кој нема да го наруши угледот на институцијата.

7. Неприфатливо е раководството и вработените на ДЗР да агитираат за политички и/или верски цели на нивното работно место.

**Член 16. Правила на однесување при извршувањето на должностите**

1. Раководството и вработените на ДЗР исправно ги применуваат законите однесувајќи се еднакво кон претставниците на сите субјекти на ревизија, без разлика на нивната националност, потекло, етничка припадност, вера, возраст, пол, сексуална ориентација, раса, образование, убедувања, брачна, службена, социјална, политичка или материјална ситуација. Тие треба да бидат совесни и во нивните службени дејствија да бидат непристрасни, објективни и да работат транспарентно како што е дозволено со закон.

2. Раководството и вработените во ДЗР нема да ги повредуваат правата на субјектот на ревизија или неговиот претставник дадени со закон.

3. Раководството и вработените во ДЗР се однесуваат со почит, одговорно и со внимание, чесно, отворено и компетентно кон претставниците и вработените на субјектите на ревизија. Со своето однесување, тие нема да предизвикаат конфликтни ситуации, но кога ќе се појават такви ситуации, тие ќе се трудат да ги спречат.

4. Раководството и вработените во ДЗР нема да искажуваат лични ставови на начин што може да биде протолкуван како официјален став на институцијата.

5. Раководството и вработените во ДЗР се непристрасни и објективни во своето работење и нема да формираат претходно мислење.

6. Вработените во ДЗР се стремат да спречат конфликтни ситуации помеѓу нив. Неприфатливо е да има конфликт меѓу службениците на ДЗР, особено во присуство на трети лица надвор од институцијата.

7. Секој облик на злоупотреба на службените овластувања, како што се: упатување на закани при вршење на овластувањата, употреба на психолошко или физичко принудување, безразлика на причините, е недозволиво.

**Член 17. Правила на однесување кои се однесуваат на средствата на институцијата**

1. Во текот на работата, раководството и вработените во ДЗР користат средства што се ставени на располагање за управување со институцијата. Средствата на институцијата треба да се користат само во врска со дејноста и нивната употреба за лични цели е забранета.

2. Имотот, документите и податоците на ДЗР може да се користат од раководството и вработените во институцијата само за извршување на нивните должности. Од нив се очекува да ги заштитат и навремено да известат за нивната загуба или оштетување.

3. Раководството и вработените во ДЗР не смеат да изнесуваат имот и документи во институција надвор од местото на извршување на нивните должности, освен со дозвола на директниот раководител, кога тоа го бара работата.

4. Раководството и вработените во ДЗР немаат право да дозволат пристап до службен имот и документи на институцијата, на надворешни лица, вклучувајќи членови на нивните семејства.

5. Раководството и вработените во ДЗР ќе овозможат да се осигури безбедноста и да се спречи неовластено откривање на заштитени информации примени и/или обработени при извршување на службените должности.

**Член 18. Доверливост**

1. Раководството и вработените во ДЗР имаат информации чија заштита е строго регулирана со закон. Користењето на овие информации за лична корист е апсолутно неприфатливо.Обврската да се чува професионалната информација во тајност е исклучително важна бидејќи ревидираните организации мора да сеосигураат дека тие се користат само за нивната законска цел.

2. Раководството и вработените во ДЗР може да откриваат деловни информации, класифицирани информации, лични податоци или други заштитени информации, како и да доставуваат документи до институцијата, да дадат докази или изјави за нивната работа или должности на трети лица единствено во согласност со процедурата утврдена со прописите и утврдените внатрешни правила (процедури).

3. Раководството и вработените во ДЗР кои ја напуштиле институцијата нема да злоупотребуваат информации што им станале познати во врска со работното место на кое работеле.

**Член 19. Прифаќање на подароци или слични добивки**

1. Општото правило е дека прифаќањето подарок во врска со работата е недозволиво бидејќи ја доведува во прашање непристрасноста на вработените. Подароците треба да се одбијат учтиво на начин што не претставува непочитување на лицето кое ги дава.

2. Вработениот, користејќи ја својата службена позиција, не бара или прифаќа директно или индиректно никаков материјален или паричен подарок или слична корист или услуга.

**Член 20. Однесување кое го поткопува угледот на институцијата**

1. Општо правило е дека однесувањето на раководството и вработените во ДЗР, како на работа, така и надвор од работното место, мора да биде во согласност со законот и актуелните етички стандарди.

2. Раководството и вработените во ДЗР нема да се впуштаат во кривични дела и нема да се обидуваат да го нарушат угледот на институцијата.

3. Од вработените се очекува да не толерираат однесување кое го поткопува угледот на ДЗР од страна на други вработени.

## Поглавје III. ОРГАНИЗАЦИСКА РАМКА

**Член 21. Комисија за професионална етика**

1. Ќе се формира Комисија за професионална етика за да ги испита сите етички прашања поврзани со стандардите утврдени во Кодексот на етика и угледот на ДЗР и нивниот понатамошен развој. Сите извештаи за неетичко однесување ќе бидат достапни во писмена форма за комисијата, одговорна за нивно испитување. Редоследот и организацијата на активностите на Комисијата се уредуваат со правилата за нејзиното работење.

2. Должност на секој вработен во ДЗР е да ги знае и да ги почитува етичките принципи на однесување. Вработените на ДЗР потпишуваат изјава во согласност со Анекс 1 кон овој Кодекс за познавање на неговата содржина. Изјавата ќе се чува во посебно досие.

3. Однесување, кое не е во согласност со овој Кодекс или со соодветните закони, нема да се толерира од страна на институцијата и ќе доведе до дисциплинска постапка.

## Поглавје IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија е донесен врз основа на член 9 став 1 точка 16 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21).

Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија влегува во сила со денот на донесувањето. Со денот на стапување во сила на Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија, престанува да се применува Кодексот за деловна етика и однесување број 0101-808/1 од 08.11.2006 година.

Број:01-1362/1 Главен државен ревизор

Скопје,03.10.2022 година **м-р Максим Ацевски,** с.р.

**Анекс 1**

ИЗЈАВА

Јас, ..........................................................(име, презиме)
матиченброј.........................................., позиција ...................................................,Сектор/Единица..........................................................., оддел .................................................. во Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија

СО ОВА ИЗЈАВУВАМ ДЕКА:

Сум запознаен/а со Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија.

...................... **Потпис:**
(место, датум) (име, презиме)

# TWINNING PROJECT

## Improvement of external audit and Parliamentary oversight

## Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор

This project is funded by the European Union

EU with YOU